**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „КАЗНЕНО ПРАВО - ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА” ОД АВТОРОТ НАСЛОВ.ВОН. ПРОФ. Д-Р ТОДОР ВИТЛАРОВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. бр.1602-269/3 од 27.11.2014 г. од 109. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 27.11.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- ред. проф. д-р Љупчо Арнаудовски, редовен професор во пензија;
- ред. проф. д-р Никола Тупанчевски, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„КАЗНЕНО ПРАВО - ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА”** од **авторот наслов. вон. проф. д-р ТОДОР ВИТЛАРОВ**, наменет за предметот Казнено право применета програма, кој се слуша на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во 7 (седми) семестар со 2 (два)часа неделно.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „Казнено право - применета програма“ од авторот д-р Тодор Витларов, насловен вонреден професор, претставува скрипта по предметот Казнено право применета програма, кој се слуша на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 7 (седми) семестар со 2 (два) часа неделно.

Оваа скрипта ја разработува материјата од општиот дел на кривичниот законик на 79 страници ракопис. Материјалот е структуриран во следниве главни поглавја: вовед, кривично дело и кривична одговорност и кривични санкции. Секое од поглавјата се состои од повеќе наслови, при што минуциозно и систематски се следи материјата на општиот дел на Кривичниот законик.

Имено, во главата: кривично дело и кривична одговорност авторот ги обработува прашањата на поимот на кривичното дело и неговите елементи: дејствие, предвиденост во законот, противправност со посебен осврт на основите за исклучување на противправноста итн. Во ова поглавје посебно е обработена вината (кривичната одговорност), нејзините облици - умисла и небрежност, свеста за противправноста, облиците на заблуда итн.

Во поглед на определувањето на сите детерминанти на кривичното дело, авторот ги анализира стадиумите на извршување на казненото дело: подготвителните дејствија, обидот, довршеното дело и доброволното откажување.

Учеството на повеќе лица во казненото дело го разработува низ облиците на соизвршителство и соучеснички форми: поттикнување и помагање.

Во овој дел се разработени и институтите стек на казнени дела, продолжено казнено дело и казнена одговорност на правните лица.

Второто поглавје во скриптата е посветено на кривичните санкции. Тука авторот на почетокот ги елаборира главните и споредните казни во македонското казнено законодавство, алтернативните мерки, мерките на безбедност, казните за правните лица и посебната казнена мерка –конфискација на имот и имотна корист.

Во трудот се опфатени сите измени на казненото законодавство кое само во 2014 година беше неколкупати предмет на новелирање, а посебна вредност на овој ракопис му дава неговата практична димензија, имено по секој институт на теоретска разработка се надоврзуваат низа примери од судската практика.

На почетокот од скритата, како што е веќе наведено, е даден вовед, а на крајот попис на користена литература.

## З А К Л У Ч О К

Анализираниот ракопис претставува учебен материјал - скрипта од областа на казненото право, поточно од областа **казнено право - применета програма**. Овој ракопис на д-р Тодор Витларов во голема мера ќе им послужи на студентите во сфаќањето и совладувањето на материјата на казнено право, особено на општите институти врзани пред сѐ за поимите кривично дело, кривична одговорност и кривични санкции. Авторот на јасен начин, сеопфатно и продлабочено ја анализира споменатата проблематика, надоврзувајќи низа примери од судската пракса на легислативната разработка на поимите и институтите од општиот дел на Кривичниот законик. Ова на трудот му дава посебна тежина, зошто на тој начин оваа материја се приближува до студентите во поглед на нејзината практична примена.

„Казнено право - применета програма“ е материјал изработен со јасен стил и високи научни и методолошки стандарди, па сметаме дека ќе биде многу корисен материјал кој треба да се користи во наставата по предметот Казнено право - применета програма на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Љупчо Арнаудовски, с.р.**
**Проф. д-р Никола Тупанчевски, с.р.**